# ЕДИТОРИЈАЛ



На 19-тата редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, одржана на 30 октомври 2002 г., се донесе одлука за главен и одговорен уредник на списанието Македонски стоматолошки преглед, официјален орган на Стоматолошката секција и Стоматолошкиот факултет, да биде избран проф. д-р Јордан Јанев, а за негов заменик проф. д-р Мирослава Стевановиќ и нов состав на Редакциски одбор и Издавачки совет.

Ја користиме оваа пригода да им се заблагодариме на досегашниот Редакциски одбор и Издавачки совет, особено на досегашниот главен и одговорен уредник, проф. д-р Марија Накова за вложениот труд во изминатиот период.

Ќе направиме обид списанието да излегува и понатаму во четири броја годишно. Ја користиме оваа пригода да Ви се обратиме Вам, почитувани соработници, иако сме сосема свесни за условите и тешкотиите на кои наидувате при реализирањето на Вашите научно-истражувачки афинитети, дека Вашата соработка е од немерлива вредност за опстојувањето, задржувањето на реномето и унапредувањето на нашето списание кое сега веќе има 25-годишна традиција.

Списанието и понатаму ќе продолжи да објавува оригинални трудови на лекарите стоматолози од нашата земја и соопштенија за сè она што денес претставува современа тенденција во светската стоматологија.

Редакцискиот совет ќе настојува не само да ги задржи досегашните критериуми, туку и да го подигне квалитетот на објавуваните трудови, со што ќе обезбеди нашето списание да биде прифатено не само во нашата Република туку и надвор од Македонија.

Главен и одговорен уредник
проф. д-р Јордан Јанев, d-r sci.